СОГЛАСНОСТ

Јас долупотпишаната/ниот _____, изјавувам дека сум изречно согласна/ен моите долунаведени лични податоци да бидат користени од страна на Реплек АД во нивната база за податоци на Акционери.

Вид на податок	Личен податок		
Име и презиме			
Адреса			
Матичен Број			
Банкарска сметка		Депонент	
Е-маил			
Мобилен телефон			

Согласен/на сум моите лични податоци да се обработуваат и користат за цели на исплата на дивиденда, како и за испраќање на информации и покани за настани наменети за акционери.

Датум: _____ Потпис:_____

Согласно чл.13-а од Законот за заштита на лични податоци имате право во секое време, бесплатно и со користење на едноставни средства да ја повлечете оваа согласност за обработка на вашите лични податоци.
Со давање на наведените лични податоци и потпишување потврдувате дека сте известени за следниве факти и дека давате согласност за обработка на тие податоци:

Кому?
На друштвото Реплек АД Скопје, акционерско друштво кое котира не Берзата во Република Северна Македонија. Затоа Вашата согласност значи и дозвола со давање на тие податоци на користење, без обврска Реплек АД во секое користење претходно посебно да ве известува.

Зошто?
Вашите податоци ќе се користат за следниве цели:
- Изработка на прегледи и исплати на Дивиденда од страна на Реплек АД Скопје.
- испраќање на информации и покани за настани наменети за акционери

Како се штитат Вашите податоци?
Вашите лични податоци Реплек АД ги штити како деловна тајна: сите личности кои имаат пристап до тие податоци, ги обврзува на должност на чување на тие податоци во тајност. Покрај тоа, право на пристап до Вашите податоци имаат само овластени личности од страна на Реплек АД и само во мерка во која тоа е нужно заради извршување на работи од нивниот делокруг, при што на сите нивоа на работење се применуваат најсовремените организациски, кадровски и технички мерки на заштита на податоците од неовластен пристап што вклучува, но не се ограничува на криптолошко осигурување на сите податоци во текот на складирање и пренос преку информатичкиот и телекомуникацискиот систем, употреба на механизмот на сигурносно пријавување на работа со употреба на корисничкото име и лозинка(password) на сите нивоа на внесување и обработка, заштита на деловните информации во кои се наоѓаат компјутерите, телекомуникациската и друга IT опрема потребна за работа на системот и слично.

Кои се Вашите права?
Оваа согласност ја давате слободно и доброволно и тоа во 2 примерока од кои 1 задржува Реплек АД, а 1 примерок останува за Вас. Оваа согласнот ги опфаќа и сите подоцнежни измени, заради законските должности на ажурирање на било кои од наведените врсти на податоци, за кои Реплек АД во Република Северна Македонија дознава во своето работење и вреди до понатамошно настапување на следниве околности: писмено барање од Ваша страна за повлекување на согласноста. Во сите наведени случаи, Вашите податоци ќе бидат избришани и нивната обработка ќе престане.
Реплек АД се обврзува на Ваше писмено барање да Ви овозможи увид на Вашите лични податоци во збирката. Согласно чл.13-а од Законот за заштита на лични податоци имате право во секое време, бесплатно и со користење на едноставни средства да ја повлечете оваа согласност за обработка на вашите лични податоци.